СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 91/6
23.01 2020 год.
СКОПЈЕ

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER
Ул.. Антон Попов бр.1-4/5, 1000 Скопје ,тел:3246-851

# ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА ДЕН 08.04.2019 ГОДИНА

- ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ-

Собраниската седница која се одржа на ден 08.04.2019 година, започна во 13.45 часот и истата ја отвори претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев, кој пред усвојување на предлог дневниот ред прво констатираше присутност на делегатите во салата кои на број беа вкупно 44, а навремено своето отсуство го оправдаа д-р Милан Ламевски и Линдихана Емини , а колегата Фисник Касапи ке задоцни.

Од д-р Линдихана Емини има писмена согласност за подршка на предложениот Дневен ред и за заклучоците од истиот.

Од страна на д-р Цеце Мишевска беше побарано објаснување за недобивање покана за седница на делегатот д-р Александар Стојановски, на што претседателот на Собранието д-р Оливер Манасиев рече дека ќе објасни после првата точка од Дневниот ред.

По констатирање на кворум за работа, а пред да се помине на гласање на предложениот Дневен ред, д-р Круме Чесноски побара и доби информација кој е предлагач на Правилникот за издавање, продолжување, обвновување и одземање на лиценците за работа. Др. Оливер Манасиев посочи дека во соработка со правната и стручната служба на Комората, како предлагач се јавува Извршниот одбор ,по што се премина кон усвојување на предлог дневниот ред и истиот едногласно се усвои и стана дневен ред со следните точки:

1. Усвојување на Записникот од вонредна и Записникот од редовната Собраниската седница одржани на ден 26.12.2018 година

2. Информации за спроведени постапки пред Судот на честа на СКМ и спроведување на истите согласно член 60 став 3 од Деловникот за Судот на честа на СКМ.

3. Разгледување и усвојување на предлог измени на:

- Правилникот за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценците за работа
- Правилникот за програма за дополнителна обука и проверка на стручни знаења и способности
- Правилникот за облиците на контунуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за

обновување на лиценцата на работа на здраствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

4. Усогласување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ со Стаутот на СКМ

5. Утврдување на состав на судските совети на Судот на честа, согласно член 42 точка (6) од Стаутот на СКМ

6. Извештај за активности на СКМ од Претседателот на Комората

7. Одговор на прашања на делегати на Собранието на СКМ
(***прашањата треба да бидат поставени во писмена форма и испратени до стручната служба на СКМ, најдоцна до 48 часа пред почетокот на седницата)

8. Разгледување и усвојување на финансов извештај за 2018 година и разгледување и усвојување на финансов план за 2019 година

9. Измени и дополнување на членови на органи и тела на СКМ.

10. Разно

Пред да продолжи седницата на барање на Др.Дафина Богеска со 39 гласа "за"и 2 воздржани беше усвоен заклучок со кој се задолжува стручната служба на Комората во рок од 24 часа да бидат ставени на web страната на комората демантите од страна на Др.Дафина Богеска.

1. Седницата продолжи со првата точка од дневниот ред односно Усвојување на Записникот од вонредна и Записникот од редовната Собраниската седница одржани на ден 26.12.2018 година, каде што збор земаа д-р Дафина Богеска и д-р Круме Чесноски со забелешки во однос на Записникот од вонредната собраниска седница,

2. По едногласно (со 47 гласа) усвојување на Записниците (со дадените забелешки) од собраниските седници, се премина кон втората точка од дневниот ред
- Информации за спроведени постапки пред Судот на честа на СКМ и спроведување на истите согласно член 60 став 3 од Деловникот за Судот на честа на СКМ, каде што претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев збор и даде на претседателката на Судот на честа на СКМ д-р Катерина Стаменковска која пред Собранието образложи за спроведените постапки пред Судот на честа на СКМ кои се одржаа во месец Јануари и Февруари 2019 година, односно:

<u>ПРВОСТЕПЕНИ И ВТОРОСТЕПЕНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ НА ЧЕСТА ЗА Д-Р МЕФАИЉ СУЛЕЈМАНИ И Д-Р БАШКИМ САИТИ</u>

Врз основа на доставено Известување од претседателот на Собранието на СКМ (бр.03-1670/1 од 27.12.2018 година) согласно кое по увидот во списоците за прустност на собраниски седници е констатирано неоправдано отсуство на повеќе од две седници за д-р Мефаиљ Сулејмани (лиц.бр000233/1) и д-р Башким Саити (лиц.бр.0002679/1), како и записникот од вонредната седница на ЦИК на СКМ (бр.15-1693/1 опд 28.12.2018 година) во кој е констатирана оправданоста за поведување постапка пред Судот на честа,

Обвинителот на Стоматолошката комора на Македонија поднесе пријави и одлуки (бр.11-1696/1 и бр.11-1695/1 од 27.12.2018год и бр.11-1696/2 и 11-1695/2) за поведување на постапки пред првостепениот Совет на Судот на честа на СКМ, на што Претседателот на Судот на честа донесе Решение и Одлуки за поведување на постапки пред првостепениот Совет (бр.11-1696/3 и бр.11-1695/1 од 28.12.2108 година).

Првостепениот совет на претресот одржан на ден 11.01.2019 година, а во целона согласност со Деловникот за работа на Судот на честа, во однос на д-р Мефаиљ Сулејмани и д-р Башким Саити, двајцата од Гостивар, заседаваше и во нивно отсуство ги донесе следните одлуки:

*ЗАБРАНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИИ ВО ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА ВО ТРАЕЊЕ ОД 3 (ТРИ) ГОДИНИ, сметано од 11.01.2019 година,* поради повреда на член 38 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ-неоправдано отсуство од седници.

(арх.бр 11-22/1 и бр.11-21/1 од 14.01.2019 година), со што обвинитите се суспендираат од функција –делегати во Собранието на СКМ.

По добиента Одлука, д-р Мефаиљ Сулејмани до Гостивар, поднесе уредно Жалба (бр.11-21/2 од 23.01.2019 год) по која постапуваше Второстепениот совет на Судот на честа, кој на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, постапувајќи по Жалбата и имајќи го предвид целокупниот предмет од првостепениот Совет, донесе Одлука (бр.11-21/5 од 14.02.2019год) со која *ЈА ПОТВРДИ ОДЛУКАТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ НА СУДОТ НА ЧЕСТА БЕЗ ПОВТОРЕН ПРЕТРЕС – Мерка забрана за избршување на функции во органите на Комората во траење од 3 (три) години, сметано од 11.01.2019 година, а обвинитеиот се суспенцира од функцијата - делегат на Собрание на СКМ.*

ПРВОСТЕПЕНИ И ВТОРОСТЕПЕНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ НА ЧЕСТА ЗА Д-Р НЕНАД ИВАНОВСКИ

Врз основа на доставената Одлука како и дописи од Централната изборна Комисија на СКМ, согласно кои во РО Гази Баба беа дадени јасни напатствија за дополнување на член во РО Гази Баба, дописи до претседателот на РО Гази Баба Ненад Ивановски, одлуката на Извршниот одбор на СКМ (бр.02-1637/5 од 19.12.2018 година согласно која се остави рок за одржување на собир на доктори за пополнување на член во РО Гази Баба, кој рок не беше испочитуван, доставени е-маил комуникации од стручната служба со претседателот и членовите на РО Гази Баба, Известувањето од претседателот на Извршниот одбор на СКМ (бр.03-1682/1 од 27.12.2018 година) со кој се известува Обвинителот на Комората за целокупната ситуација согласно која се известува истиот да ја започне процедурата пред Судот на честа, Обвинителот на Стоматолошката комора на Македонија поднесе пријава и одлука (бр.11-1694/1 и бр.11-1694/2 од 28.12.2018год и бр.11-1696/2 и 11-1695/2) за поведување на постапка против д-р Ненад Ивановски од Скопје пред првостепениот Совет на Судот на честа на СКМ, на што Претседателот на Судот на честа донесе Решение и Одлука за поведување на постапка пред првостепениот Совет (бр.11-1694/3 од 28.12.2018 год.)

Првостепениот совет на претресот одржан на ден 11.01.2019 година, а во целона согласност со Деловникот за работа на Судот на честа, во однос на д-р Ненад Ивановски

од Скопје (лиценца бр.0002875) заседаваше и во негово отсуство ја донесе следната одлука:
*ЗАБРАНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИИ ВО ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА ВО ТРАЕЊЕ ОД 4 (ЧЕТИРИ) ГОДИНИ, сметано од 11.01.2019 година,* поради повреда на внатрешни акти на Стоматолошката комора на Македонија и тоа Правилникот за избор и отповикување на членови на РО, делегати на Собрание и Претседател на СКМ, Стаутот на Комората, особено Одлуката на ЦИК на СКМ бр.15-1487/3 од 19.11.2018 година и горенаведената Одлуката на ИО на СКМ (арх.бр 11-20/1 и бр.11-21/1 од 14.01.2019 година), со што обвинетиот се суспендира од Претседател и член на РО Гази Баба и делегат во Собрание на СКМ.

По добиента Одлука, д-р Ненад Ивановски од Скопје поднесе уредно Жалба (бр.11-20/2 од 04.02.2019 год) по која постапуваше Второстепениот совет на Судот на честа, кој на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, постапувајќи по Жалбата и имајќи го предвид целокупниот предмет од првостепениот Совет, донесе Одлука (бр.11-20/5 од 14.02.2019год) со која *ЈА ПОТВРДИ ОДЛУКАТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ НА СУДОТ НА ЧЕСТА БЕЗ ПОВТОРЕН ПРЕТРЕС – Мерка забрана за избршување на функции во органите на Комората во траење од 4 (четири) години, сметано од 11.01.2019 година, а обвинитеиот се суспенцира од функцијата - делегат на Собрание на СКМ и Претседател и член на РО Гази Баба.*

По излагањето на претседателката на Судот на честа на СКМ, а согласно член 60 став 3 од Деловникот за Суд на честа пред Собранието на СКМ се спроведуваат следните донесени мерки, за кое што Собранието ја донесе и следната:

## О Д Л У К А

Спроведување на донесените мерки на Судот на честа на СКМ

Член 1

<u>Првостепени и второстепени одлуки на Судот на честа за д-р Мефаиљ Сулејмани и д-р Башким Саити, двајцата од Гостивар</u>

Забрана за извршување на функции во органите на комората во траење од 3 (три) години, сметано од 11.01.2019 година. поради повреда на член 38 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ- неоправдано отсуство од седници. Одлуки под бр.арх.бр 11-22/1 и бр.11-21/1 од 14.01.2019 година и 11-21/5 од 14.02.2019), со што обвинитите се суспендираат од функција –делегати во Собранието на СКМ.

Член 2

<u>Првостепени и второстепени одлуки на Судот на честа за д-р Ненад Ивановски од Скопје</u>

Забрана за извршување на функции во органите на комората во траење од 4 (четири) години, сметано од 11.01.2019 година, поради повреда на внатрешни акти на Стоматолошката комора на Македонија и тоа Правилникот за избор и отповикување на членови на РО, делегати на Собрание и Претседател на СКМ, Стаутот на

Комората, особено Одлуката на ЦИК на СКМ бр.15-1487/3 од 19.11.2018 година и горенаведената Одлуката на ИО на СКМ (Одлуки под бр.арх.бр 11-20/1 од 14.01.2019 година и 11-20/5 од 14.02.2019), со што обвине-тиот се суспендира од Претседател и член на РО Гази Баба и де-легат во Собрание на СКМ.

Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

По излагањето на претседателот на Судот на честа збор побараа д-р Цеце Мишевска и д-р Арбен Асани , но претседателот на Собранието не им дозволи бидејќи како што рече согласно член 42 алинеја 5 од Статутот на комората и член 58 од Деловникот за работа на Судот на честа, Одлуките на второстепената комосија се конечни и Собранието само ги спроведува.Др.Цеце Мишевска по ова побара информација за делегатот др Александар Стојановски за што доби одговор од претседателот на Собранието д-р Оливер Манасиев дека истиот делегат си има поднесено оставка на ден 28.12.2018 која е уредно архивирана., на што д-р Мишевска забележа дека таа би требало да е известена како председател на РО . На оваа забелешка д-р Манасиев даде објаснување дека тоа е одлука на д-р Стојановски и ако тој не ја известил тоа е негов став , а дополни дека тој секако дава оставка само на делегатсото место , а не и во РО па тоа може и во РО да го дискутираат.

По ова беше дадена пауза за да може Верификационата комисија да се произнесе за испразнетите делегатски места.

Пред да продолжи седницата д-р Мишевска побара да се дискутира околу работата на судот начеста, бидејќи во претходниот мандат како член на суд на честа не дозволила вакви високи казни и секогаш се барало начин да се балансираат работите.Претседателот на Собранието не дозволи да се расправа по горенаведеното барање, бидејќи истото не беше предвидено со предложениот и усвоен Дневен ред.По ова, д-р Мишевска рече дека ја напушта денешната работа на седницата.

Верификационата комисија на Комората заседаваше во состав д-р Круме Чесноски, д-р Џељаљ Ибраими и д-р Спасенија Ѓоргиевска, по што зема збор д-р Спасенија Ѓоргиевска и го истакна следното:

- Поради донесените одлуки на Судот на честа, кои на седницата ги спроведе Собранието на Стоматолошкта комора на Македонија, се констатира следново:

Испразнети се следните делегатски места во Собранието на СКМ и тоа:

РО Гостивар – 2

РО Гази Баба - 1

А поради поднесена оставка на д-р Александар Стојановски, се испразни и 1 делегатско место за РО Карпош.

Верификационата комисија на СКМ по направениот увид во Извештајот за конечни резултати од изборите за членови на Регионалните одбори констатира со монозинство гласови дека, согласно таа листа:

- Следен на листата за делегат во Собранието на СКМ за РО Карпош е д-р Јордан Стојановски.

- Следен на листата за делегат во Собранието на СКМ за РО Гази Баба е д-р Атанас Павлески.

Во однос пак на РО Гостивар каде се испразнети две делегатиски места, согласно Извештајот за конечни резултати од изборите за членови на Регионалните одбори, во листата има 1 член (д-р Соња Јакимовска), но Верификационата комисија сепак ќе побара толкување од Централната изборна комисија на СКМ да се произнесе во однос на овој регионален одбор, со оглед на фактот дека е потребна да се запази правичната застапеност во истиот.

По излагањето на д-р Спасенија, за збор се јави д-р Круме кој истакна дека како член на Верификационата комисија има дилеми околу одлуките на Судот на честа и заради тоа гласал против во самата комисија.Исто така рече дека Судот на честа донел одлука за суспензија од функцијата која е времена мерка за делегатите Мефаил,Башким и Ненад.Исто така има и пресуда од Судот на честа за прекршување на Деловник за работа на Собранието,така што за да се одземе мандат пред времето за кое е избран по Статут член 20 точка 4 треба да е осуден од Судот на честа за потешко прекршување на Кодексот на стоматолошката етика,но овој случај таква пресуда нема.
По ова Собранието на СКМ со 25 гласа за, 2против,11 воздржани ја донесе следната Одлука:

Врз основа на член 19 точка 7 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Член 1
За назначување на нови делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.
Член 2
Новите делегати се:
- За РО Карпош, д-р Јордан Стојановски, поради поднесена оставка на д-р Александар Стојановски
- За РО Гази Баба, д-р Атанас Павлески, поради суспендирање на делегатското право на д-р Ненад Ивановски (мерка на Судот на честа на СКМ)
Член 3
Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Врз основа на Одлуката под арх.бр.02-458/5 од 2019 година, а во врска со член 21 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на ден 08.04.2019 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Член 1
Да се задолжи Централната изборна комисија на Стоматолошката комора на Македонија да спроведе избор за членови во регионални одбори и делегати на собрание на СКМ за РО Гостивар, како и избор за пополнување на членови во РО Гази Баба.

Член 2
Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

По извршената верификација на мандатите д-р Круме побара да влезе во записник дека се задолжува Собранието дека е спроведена Одлуката на судот на честа и се задолжува ЦИК да издаде Решение за прекинување на мандатот за д-р Мефаил, д-р Башким, д-р Ненад и д-р Александар. Потоа од место д-р Дафина постави прашање како Собранието одзема мандати кога во член 5 став 2 од Правилникот за избори на членови на РО

односно делегат на Собрание може да биде отповикан само од избирачкото тело кое го бира.На ова претседателот на Собранието одговори: согласно член 20 став 4 , односно ако биде осуден од страна на Суд на честа,како во конкретниот случај.

3. Претседателот на Собранието на СКМ, д-р Оливер Манасиев седницата ја премина со следната точка од дневниот ред односно разгледување и усвојување на предлог измените на актите на СКМ, каде што збор и даде на правникот на Комората М-р Ана Бошковиќ, која што наведе дека со НОВАТА ЗАКОНСКА ИЗМЕНА (бр.20,Сл.весник 30.01.2019 год.) која веќе е на сила, потребно е да се ПРАВИ ИЗМЕНА ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВА И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА, односно да се изврши:

*<u>ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВАТА ЗАКОНСКА ИЗМЕНА ВО ПРАВИЛНИКОТ</u> ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА*

1. Врз основа на измените во Законот за здравствена заштита (Сл.весник бр.20 од 30.01.2019 година), каде што е направена позитивна измена за докторите стоматолози кои имаа проблем во делот на еден од условите за релиценцирање, (најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата, работат во дејноста за која што имаат лиценца за работа) се јави потребата да се направи измена во член 9 точка 2 алинеја 2 која што всушност треба да се брише во Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа, односно согласно измените во ЗЗЗ (членот 129, по ставот (1) додаден нов став (2) ) кој се имплементира во нашиот Правилник и треба да гласи:

<u>,, За здравствен работник со високо образование од областа на стоматологијата, на негово барање, во најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа може да се смета времето на работа во стоматолошка здравствена заштита,,</u>

*2.ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ОБУКА И ПРОВЕРКА НА СТРУЧНИ ЗНАЕЊА, ВО ДЕЛОТ НА ОДЗЕМАЊЕ ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА*

Во однос на процесот за одземање на лиценците за работа на докторите стоматолози кои закасниле со барањата за обнова, на состанокот со работната група со Лекарска и Фармацевска Комора се заклучи дека единствено Стоматолошката комора на Македонија одзима лиценци за работа на докторите стоматолози кои што закасниле со рокот за обновување на истите, со што Правниот сектор на Комората работи подолго време на изнаоѓање начин да се олесни во однос на временскиот период, бидејќи факт е дека шест месеци одземена лиценца, плус еден месец обука за да може докторот повторно да се стекне со лиценца е период кој 7 месеци го оставаат докторот без документ за работа. Станува збор за егзистенција и треба да се превземат чекори, па поради тоа:
Единствен начин во моментот да се превземе нешто, а да не се прави поголема измена во Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења (каде што единствено се спомнуваат тие <u>шест месеци како бројка</u>) кој Правилник е потпишан од Министерот, е да во член 3 од Правилникот кој одредува времетраење на дополнителна обука се направи измена во:

- член 3 точка 2, на местото на зборовите ,, од шест месеци до една година,, да стои ,,од ЕДЕН месец до една година,, а на местото на збороивте ,,изнесува три,, да стои ,,изнесува ЕДЕН месец,,

*СО ОВАА ИЗМЕНА ГО НАМАЛУВАМЕ ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД ДА ВО ИДНИНА ИМ СЕ ОДЗЕМАТ ЛИЦЕНЦИТЕ НА ЕДЕН МЕСЕЦ+ЕДЕН МЕСЕЦ ОБУКА и да имаат право да полагаат проверка на знаење и се стекнат повторно со лицнеца за работа.*

Согласно измената во таа точка, во продолжени треба да се направи измена подоле во истиот член односно:

- член 3 точка 3 на местото на зборовите ,,изнесува шест месеци,, да стои ,,изнесува три месеци,,

- член 3 точка 4, на местото на зборовите ,,изнесува девет месеци,, да стои ,,изнесува шест месеци,,

Конкретно за оваа точка од дневниот ред, за збор се јавија д-р Ана Генчовска,д-р Фисник Касапи и д-р Круме Чесноски кој обрна внимание дека убаво и значајно би било да во предлог измената на овој член од Правилникот се додаде уште еден став односно точно презицира дека конкретно за докторите по стоматологија кои што закасниле со временскиот рок за обнова на лиценците за работа, лиценците им се одземаат на еден месец, на кое што присутните едногласно (со 37 гласа) се сложија и во однос на овие два Правилника едногласно се донесоа следните одлуки:

Врз основа на член 21 став1 алинеја 21 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, а во врска со член 127 став 1 од Законот за здравствена заштита, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

Врз основа на член 21 став1 алинеја 21 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, а во врска со член 127 став 1 од Законот за здравствена заштита, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

За усвојување на предлог измени на член 3 од Правилникот дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката (од 28.03.2017 година)

Член 1

Во член 3 став (2) зборовите ,, шест месеци,, се заменуваат со зборовите ,,еден месец,, а зборовите,, три месеци,, се заменуваат со зборовите ,,еден месец,,

Член 2

Во член 3 став (3), зборот ,,шест,, се менува со зборот ,,три,,

Член 3

Во член 3 став (4), зборот ,,девет,, се менува со зборот ,,шест,,

Член 4

Во член 3 се додава нов став (5), кој гласи:

(5) На докторите по стоматологија кои не ја обновиле лиценцата за работа во утврдениот рок, привремено им се одзема лиценцата за работа на еден месец, а дополнителната обука согласно програмата од член 2 од овој правилник изнесува еден месец и се спроведува од страна на едукатор со академско звање.

Врз основа на член 21 став1 алинеја 21 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, а во врска со член 135 од Законот за здравствена заштита, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

За усвојување на предлог измена на член 9 точка 2 алинеја 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување обнова и одземање на лиценците за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на стоматологијата (од 28.03.2017 година)

Член 1

- Согласно измените во Законот за здравствена заштита (член 7 во Сл.весник бр.20 од 30.01.2019 година), во член 9 точка 2 алинеја 2 од Правилникот на местото на зборовите ,, најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата, работат во дејноста за која што имаат лиценца за работа ,, се усвојува да стојат збровите ,, За здравствен работник со високо образование од областа на стоматологијата, на негово барање, во најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа може да се смета времето на работа во стоматолошка здравствена заштита

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.
По завршеното гласање се констаира дека стручната служба треба да ги подготви измените и да се достават до министер за здравство за потпис .

Во однос пак на предлог измените на Правилникот за облиците на контунуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата на работа на здраствените работници со високо образование од областа на стоматологијата , претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев, му даде збор на претседателот на СКМ д-р Маријан Денковски кој за овој Правилник даде кратко образложение каде објасни дека измените се успогласувани во Комисија за стручни прашања по предлози на акредитирани организатори и се разгледани и на ИО на СКМ и се смета дека со нив ќе се олесни пред се пристапот на членовите на Комората до повеќе бодови за помалку пари , а и на организаторите помеѓу другото ќе им се дозволи курсевите да ги акредитираат без да ги искористуваат дозволените два облика годишно и дрги измени за кои има информација во материјалите.
Следуваше расправа во која за збор се јавија д-р Пеева, д-р Фисник, д-р Ферати, д-р Трајан, д-р Емилија, д-р Круме. Во дискусијата преовладуваше мислење дека во Правилникот многу работи се недоречени, па претседателот на Собранието рече дека наместо да се гласа Правилникот ќе биде вратен на доработка во стучната комисија, а како заклучок од расправата по истиот, кога ќе биде на повторно разгледување да бидат побарани и милсења од претставници од сите акредитирани здруженија.

4. Со завршување на третата точка од дневниот ред, се премина кон четвртата точка Усогласување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ со Статутот на

СКМ, каде што повторно збор и се даде на правничката која во однос на ова објасни дека како што знаат и самите делегати на претходната собраниска седница мораше насловот на овој акт да промени од Правилник во Деловник согласно одредбите кои се наведени во Статутот на СКМ и со оглед на тоа дека на таа седница немаше време за анализа на истиот, на оваа седница е потребно да се направи негово целосно усогласување со Статутот на Комората, а воедно да се корегираат многуте печатни и технички грешки, со што за тоа во прилог на материјалите за седницата делегатите имаа на увид што конкретно се прави, кои измени Собранието едногласно се усвои и ќе бидат наведени во доленаведената едногласно донесена Одлука:

Врз основа на член 26 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За усогласување на одредбите од Деловник за суд на честа со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија

Член 1

Усогласувањето со оваа Одлука се прави на следните одредби од Деловникот за Суд на честа и тоа:

Член 8 – зборовите ,, на овој Деловник,, да се избришат, немаат функција
Член 15- , да се усогласи до член 41 од Статутот на СКМ (состав на судот, измена во 2 став, се додава нов 3 став, согласно Статут, односно:
,,Судот на честа на Стоматолошката комора го сочинуваат претседател и најмалку петнаесет члена на Судот.
Претседателот и членовите на Судот на честа ги избира и разрешува Собранието на Стоматолошката комора со мандат од четири години, а на предлог на Претседателот на Комората.
Претседателот на Судот на честа на почетокот на годината утврдува состав на судските совети, на кој состав Собранието на Комората дава согласност.,,
Член 16 – став 3 5 (прв) да се исправи (пет)
Член 41 – став 1, зборот ,, не може,, НЕ да се брише.
Член 44- став 2 по зборовите ,, 10 дена,, да се додаде ,,ОД ОДРЖАНИОТ ПРЕТРЕС,,
Член 46 , точка 3, да се усогласи со СТАТУТ исто да пишува за мерката како во Статутот,, односно на местото на зборовите ,,Забрана за извршување на функции во органите на Стоматолошка комора,, да стои ,, Забрана за учество во работата на органите на Комората,,
Член 49 став 3, да претрпи префромулација на зборовите односно на местото на зборовите ,, Совет од втор степен на Судот на честа, да се измени ,,Второстепен совет на Суд на честа,,
Член 51 – став 1 на почетокот место зборот ,,претседавач,, ТРЕБА ДА СТОИ ,,ПРЕТСЕДАТЕЛОТ,,
Член 58 – да се регулира цел член, во однос на распоред на зборовите, односно да гласи ,, ,,Одлуката на второстепениот Совет на Судот на честа е конечна и против неа не е дозволена жалба.

Против одлуката со која е изречена мерка "ВРЕМЕНО" и "ТРАЈНО" одземање на лиценцата за работа, дозволена е жалба до министерот за здравство, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката,,
Член 60 – да се исправи третата МЕРКА како во Статут,, односно да стои ,, Забрана за учество во работата на органите на Комората,,

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Одлуката е донесена со 35 гласа "за".

5. Претседателот на Собранието на СКМ, премина кон петтата точка од дневниот ред односно утврдување на судските совети на честа, согласно член 42 точка (6) од Статутот на СКМ , каде што согласно тој член од Статутот претседателот на Судот на честа има обврска да на почетокот на годината утврди состав на судските совети, на кој состав Собранието на СКМ дава согласност. Пред самото гласање од страна на Др.Круме Чесноски беше побарана информација за бројот на лиценцата и до кога е важноста на истите за новопредложените кандидати. Бидејки на лице место оваа информација не можеше да се достави, д-р Круме побара истата оваа информација да биде проверена дали новите членоиви се со активна лиценца . Предлогот беше ставен на гласање и усвоен со 25 гласа "за" и 3 воздржани.

По ова претседателот на Собранието и даде збор на д-р Катерина Стаменковска како претседател на Судот на честа на СКМ која го предложи следниот состав на Судските совети во прв и втор степен а Собранието на СКМ со 28 гласа за и 2 воздржани даде согласност и ја донесе следната:

ОДЛУКА

Член 1

За утврдување нов состав на Совети на Суд на честа на Стоматолошката комора на Македонија. Согласно Статут на СКМ.

Член 2

Членови на Совет на Судот на честа на СКМ се избрани:
- д-р Милан Левков – прв степен
- д-р Фатмир Ахмеди - прв степен
- д-р Елена Радеска – прв степен

Член 3

- д- р Катерина Стаменковска – втор степен
- д-р Мирјана Ангелоска – втор степен
- д-р Јета Лимани – втор степен
- д-р Емица Младеновска Спасиќ – втор степен
- д-р Ивана Неделковска- втор степен

Член 4

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Пред гласањето Др.Дафина побара објаснување од претседателот на Судот на честа како досега имало двајца судии а само еден бранител.Претседателот на Собранието рече дека дилемата која се јавила кај д-р Дафина е констатирана записнички и доколку сака може да дојде во просториите на СКМ и писмено да ја побара за да се увери.

Со завршување на петтата точка од дневниот ред, претседателот на Собранието д-р Оливер Манасиев даде пауза од 15 мин.

6. По завршувањето на паузата, седницата продолжи, а на истата во салата беше констатирано дека се присутни 35 делегати, и со оглед дека и понатаму имаше кворум за работа, д-р Оливер Манасиев ја продолжи седницата со следната точка од дневниот ред, односно Извештај за активности на СКМ и на председателот на Комората од Претседателот на Комората по што збор зема претседателот на Комората д-р Маријан Денковски. Претседателот Денковски својот годишен извешта го започна со информација за состојбата во која била затекната Комората , во јуни 2018 година кога тој го почнал мандатот. Денковски инфрмираше првин за непходните градежно- занаетчики работи кои биле неопходни по што по завршување на средување на просторот и по екипирање однсно изборот на ИО на СКМ се преминало на носење неопходни одлуки со кои се изменил постоечкоит Правилник за систематизација и се определила рамка за да може стручната служба да се распредели по сектори. Просторното распределување продолжило во наредниот период со преместување на компјутерскиот испитен центар во нов простор и со набавка на друг , функционален стоматолошки стол кој ќе се користи за државни испити. Кога веќе е кај испитите Денковски истакна дека е направено ажурирање на листата на испитувачи и определена е и методологија за правично учество на сите испитувачи во иднина , а се формираа и комисии за ревизија на испитни прашања (осовременување и чистење од прашања со повеќе точни одговори). Следна работа со која се се зафати новиот состав е комплетно модернизирање на застарената и аморизираната опрема , со набавка на нови компјутери, пред се нов компјутер за регистар, печатар, телефони , тел.централа, нов надзорен систем итн со што службата ги доби сите услови за работа со што се очекува членовите на Комората да добиваат поконкретна, подобра и поквалитетна стручна служба. Стручната служба заедно со програмерите кои се задолжени за регистарот и и ден денес прават напори регистарот да се осовремени и комплетира за што на волја на вистина голем удел за несреденоста имаме и ние самите , членови на Комората кои не си ја исполнувме нашата обврска за прјавување на сите наши податоци (адреса , презиме, тел број итн) истакна Денковски. Понатаму претседателот зборуваше и за упатување на службениците од службата на обуки за работење во соодветен сектор , пред се во секторот за архива , регистер и лиценци , но го спомна и фактот дека по 20 –ина години комората за прв пат има правен сектор со дипломиран правник . Тука д-р Денковски продолжи и со одговор на поставените прашања од делегатите и кажа дека во моментот во Комората има за разлика од јуни 2018 кога имало 9 вработени има 6 вработени и сите се вработени на неопределено време со строго определени работни задачи по сектори, но и поради состојбата дека се очекуваат две вработени да идат во најскоро време на породилно ќе има уште едно или две вработувања на определено време. Др. Денковски се осврна и на платите на вработените и објасни дека по 10 години тие се од 24.000 покачени на 25.000 за раководители на сектори со високо образование , додека за оние со средно е 18.000 денари. Др. Денковски потоа продложи со детална информација што се е набавено со што во исто време го обаснуваше и финасискиот извештај за 2018 година , а ги објасни и образложи и договорите за дело со адвокатското друштво, сметководсвеното биро, ,со хигиеничар, со администраторот за информатика итн и напомена дека во момент сите наведени ставки се и до 300 и повеќе евра помалку на месецно ниво од 2018 година што е видливо и од финасискиот извештај и планот за 2019 година . По ова д-р Денковски

продолжи со информација за активности на тела и органи и ги информира делегатите за тоа колку и кои седници се одржани во Комората, како се одржувани средби по региони со членовите, по што д-р Денковски продолжи со информација за некои од најважните промени кои се случиле во изминатата година .Претседателот Денковски потоа во својот извештај ги повтори работите за кои кажа дека воглавном се познати , но дека конечно дојде крај за една од најголемите неправедности и неправилности за докторите по стоматологија поврзани со Законот за здравствена заштита и крај за понижувањата на нашите доктори -специјалисти кои не можеа да ги обновуваат своите лиценца поради досегашната регулатива.Во изминативе години до денес, докторите специјалисти кои работеа во ординации по општа стоматологија, мораа да добиваат решенија за времено продолжување на лиценците шест месеци, да поминуваат обука од еден месец за примарна стоматолошка здравствена заштита и на крајот, да се откажат од специјалистичката лиценца и да полагаат испит за да се стекнат со лиценца за работа во примарна стоматолошка здравствена заштита. По повеќегодишни неуспешни напори, време за кое околу 100 специјалисти поминаа низ понижувачки "процес на релиценцирање", конечно, при работење на текстот на Законот за здравствена заштита, успеавме да најдеме заеднички јазик со надлежното Министерство за здравство за да се смени наведената законска регулатива и веќе од 30 јануари 2019 ( "Службен весник Република Македонија" бр 20/19) со новата измена во Законот да се регулира дека„ сите доктори кои работат во стоматолошка здравствена дејност може да ја обноват работната лицена„.Но на оваа, за нас како стоматолози, голема законска измена, Стоматолошката комора на Македонија гледа само како на почеток на промени и во делот на останатите членови од Законот за здравствена заштита кои следат во наредниот период и тоа, меѓу останатите, за повторно воведување на Ценовникот за минимални (референтни) цени за услугу што пациентите ги плаќаат приватно, можноста за отворање на поликлиники во кои би можеле да работат и примарни стоматолози и специјалисти во еден правен субјект, овозможување на дополнителна работа, како и други важни измени кои само ќе придонесат за конечен почеток на менување на статусот на македонскиот стоматолог. Прифатени предлози на Стоматолошката комора на Маакедонија по однос на многу прашања од голема важност за понатаможно работење на Комората кои се во работниот текст за подготовка на нацрт - Закон за здравствена заштита .Од страна на Министерството за здравство потврдено е дека во делот за Стручниот испит за здравствените работници прифатено е она што се однесува на обрасците за уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование ги утврдува Стоматолошката комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство, што значи дека тој дел е вратен на самата Комора, додека пак претходно беше подзаконски акт на Министерството за здравство.Исто така, во надлежноста на Комората е вратен и делот кој се однесува на начинот на пријавување за полагање и начинот на спроведување на стручен испит, бројот на поставени прашања и практични примери, времетраење и бројот на бодови со кој се смета дека стручниот испит е положен, поднесување приговор, начинот на издавање на уверението за положен стручен испит како и формата и содржината на уверението за положен стручен испит, што ги пропишува Стоматолошката комора на Македонија, а на што согласност дава министерот за здравство. Во однос на делот во Законот за здравствена заштита што се однесува на

правото на ***специјализација и супцецијализација***, на последната заедничка средба со претседателите и правните застапници на трите комори со правниците од Министерство за здравство одржана на ден 25.02.2019 година, потврдено е дека останува договорот да се она што во тој член од законот е поврзано со специјализациите и супсецијализациите го пропише министерот за здравство, по претходно мислење на соодветната високообразовна установа, во соработка со соодветните комори од областа на здравството, што значи дека овој дел од законот е оставен на самите комори да го конкретизираат во смисла да го дополнат членот со правни ставови од свој аспект, за што е потребно да се остварат средби со факултетите, со цел сето тоа да биде регулирано со Правилник. Во однос на ***Ценовникот*** за минимални цени е прифатено барањето на Комората да Ценовникот стане дел од 333 и одсега во делот на Коморско работење е определено дека Собранието на комората покрај досегашните задачи, ја има и задачата да донесува акт за утврдување на минималните цени на здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, што се предвидува како нова точка 4 во член 256 од Законот од 2016-та, што е успех во однос на издигнување на поголема заштита на стоматолозите од нелојалната конкуренција со градењето на најниската цена. Исто така во однос на делот во законот кој се однесува на ***основање на поликлиниките***, направено е дополнување со уште еден став кој прави исклучок всушност на првите два, согласно кој се презицира дека во поликлиника на примарно ниво може да спроведува и специјалистичко-консултативна дејност и обратно под услови утврдени со закон, но Комората побара и е прифатено да во иститот член се допрецизира дека тоа всушност важи за стоматолошка дејност. Во делот кој се однесува за ***дополнителната дејност*** во самиот закон, во работниот текст е вратена одредбата од предходниот закон дека пак е дозолена дополнителна дејност, но Комората и понатаму продолжува со барање во стоматологија да се овозможи да може секој специјалист да работи дополнително и во ординации каде се обавува општа стоматолошка дејност, а не само во соодветна специјалистичка ординација. Во однос пак на ***мрежите*** на здравствени установи, во законот е прецизирано дека мрежата на здравствените установи ја утврдува Владата, на предлог на Министерството за здравство, по претходно добиено мислење на Коморите. Понатаму , на последната работна средба од 25.02.2019 година на претседателите и правните застапници на трите комори со правниците од Правниот сектор на Министерство за здравство, која се одржа во Лекарската комора на Македонија, дискутирано е и во однос на следните законски измени и прецизирања за:

- во однос на делот кој се однесува на ***Регистарот*** за здравствените работници (член 116 од 333-2016та) на средбата се дискутираше за самиот член дека како таков им дава на коморите обврска да водат фактички двојно електронско внесување, во сопствениот регистар и во регистарот на Институтот за јавно здравје на РМ, што е нелогично во смисла на ,,трошење време,, и се побара од правниците на Министерството за здравство да дадат појаснување, на што истите се сложија дека е сосема непотребно и се стави на увид истиот член да Институтот за јавно здравје има обврска самиот ги превзема податоците од соодветната комора.
- во однос на членот кој се однесува на ***надлежност на коморите*** (член 123 од 333 - 2016та) во став 2 каде што е наведено дека лиценцата за работа се издава за период оД седум години, даден е предлог кој едногласно е прифатен од правните служби на коморите дека треба да се ограничи возраста на здравствениот работник во однос на правото да се стекне со лиценца, што се даде предлог да со навршување на 75 годишна

возраст, здравствениот работник со високо образование го губи правото да се стекне со лиценца за работа. Главната измена се однесува на бројот 75 за определување на гранична возраст за обнова на лиценца, а се остави на понатамошно размислување за тоа дали во негативна или позитивна конотација ќе звучи самиот став како нов во истиот член.

- во однос на делот од законот за ***привремено или трајно одземање на лиценцата*** за работа, (член 132 од 333 2016та) каде што досега беше наведено дека привремено може да се одземе лиценцата за работа ако здравствениот работник со високо образование врши дополнителна дејност спротивна на овој закон, сеуште се разговара за предлогот на коморите дека тие ставови од членот е потребно да се избришат бидејќи доплнителната работа не е стручна грешка, односно за ова има други казни согласно истиот закон.

- во член 136 кој се однесува на ***трошоците,*** правниците од Министерството за здравство известија на состанокот дека е прифатен предлогот од коморите да се избрише последниот став (4) кој се однесува на тоа дека министерот за здравство може да ја повлече согласноста од ставот (3) на истиот член доколку настанала промена во трошоците врз основа на кои се утврдува висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа и во тој случај соодветната комора е должна во рок од 15 дена да донесе нов општ акт со кој ќе ја утврди висината на трошоците од ставот (2) на истиот член.

Понатаму д-р Денковски продолжи со информацијата дека ова е само дел од предложените и прифатените измени за кои се разговараше и се договори со Министерство за здрвство да се најдат во работниот текст на Нацрт-предлог на новиот Закон , но и дека работната група на Комората родолжува со постојани средби со Лекарска и Фармацевтска комора за усогласување на заеднички ставови (на пр. уште е предмет на разговор прецизирањето чии треба да се пациентите , односно дали се на ПЗУ или на избраниот лекар/стоматолог и.т.н. ) кои подоцна на работните средби во Министерство за здравство ќе се претстават како заеднички став , додека пак за оние барања кои се специфични за стоматолошката дејност работната група на СКМ е во постојан контакт со правниот оддел на Министерство за здравство за што Комората преку Регионални одбори постојано и транспарентно ќе ги информира своите членови.

По ова Денковски посочи и на работните состаноци со факултетите , ДСЗИ, Бирото за лекови , но и за средби со пратенички групи и од власта и од опозицијата во рамки на здрвствената комисија во Собрание на РМ, како и дека наскоро ќе делегираме наш член во Управниот одбор на ФЗО.

Околу најгорливите работи, кои д-р Денковски ги нарече резултатите од разговорите си ФЗО тој истакна дека не е задоволен и нема да биде ни тој ни останатите во тимот и од ИО и сите и продолжи, дека колку и да е проблем што живееме во едно чудно време каде политиката ни е живот, покрај тоа што од јуни до септември немавме тела и органи во Комора а и летни одмори беа, покрај тоа што влеговме во референдум , па во уставни измени и сега пак сме во кампања за председателски избори и рече дека сите мора да сфатиме дека беше многу тешко, па дури и невзможно да се фокусирааат политичарите и институциите на стоматологија, но сепак се стигало до негде, односно покрај политичките случувања, има договорена динамик , има став дека за нас има пари, и се знае дека има, но пред нас се испречил до овој ден само и единствено концептот на владата дека „ 2018 е да се инвестира во плати на јавно здравство, 2019 да се инвестира и да се решава (што и сами се сите сведоци ) состојбата во болниците ---која ќе се оправа , која ќе се продава , која ќе се затвора и по се ова од пред неколку месеци институциите ,од Влада до фонд се бранат со стратегија дека примарното т.е.стоматологијата е со почеток на 2020...

Последно, продолжи д-р Денковски е од пред многу кратко време тоа дека дека стоматологијата ќе оди со ребаланс во трет квартал, од 01.10.2019 година со покачување на капитација и на средства за специјалистите и за ова заврши со зборовите дека сепак треба да гои почекаме да завршат и овие избори и пак да направиме се зашто сме и избрани.

Понатаму д-р Денковски образложи и за меѓународната активност со најкратко кажано дека е период на најголеми достигања на меѓународна сцена од постоењето на Комората и се осврна пак на средбите на К4, на Политичките состаноци со влијателни комори од ЕУ пред се федералната германска и бугрската комора , учество во работење на Европската комисија за економија и социјала во Европскиот парламент Потоа ја напомана поканата на германската комора за учество на германските денови каде бевме една од седумте поканети комори од целиот свет, на кој имало средби со сегашниот и идниот председател на ФДИ и други од ФДИ , сегашниот и идниот председател на Еро ФДИ, предсдателот на ЦЕД , но и средби со високи представници на ЕЕСК , меѓу кои и вице председателот Мецлер и тука веќе излезе дека ништо не е слуучајно, ниту дека Денковски е најубав или симпатичен туку дека македонската Комора гради рејтинг и е почитувана во европските и светските стоматолошки кругови , а по форум во Тирана факт е дека комората е препознаена како една од водечки здрвавствени комори од Западен Балкан.Понатаму др Денковски истакна што не очекува оваа година на меѓународен план, а тоа е прием како регуларна членка на ЕРО ФДИ, коорганизаторство на конгрес на К4 во Љубљна, на Конгрес во Белград и во Бугарија со наши представници предавачи и во организациски одбори. Не очекува и конгрес на ФДИ , како и повеќе билатерални средби со коморите од западен Балкан и друго.

За крај претседателот по околу час и половна образложување на извештајот истакна дека во моментот и покрај ***СЕ*** наведеното и по него една успешна година, тој сепак не е и не може да е задоволен и смета дека во наредниот период има приоритети и за приоритети ги смета завршувањето на законските измени во новиот Закон за здравствена заштита, повторно наметнување на потребата за Закон за стоматологија како посебен закон, издејствување на коректни договори со ФЗО и секако како главен приоритет повеќе пари за секој стоматолошки тим. Др. Денковски на крај заврши со зборовите дека сите сега сме поискусни и се надева дека сите ние од почнувајќи од најнеактивниот член до него како претседател сме и поспремни да се дореализираме започнатото.

По излагањето на претседателот на комората,за збор се јавија д-р Фисник, д-р Наташа Петреска и д-р .Дафина Богеска. Др. Наташа рече нашиот интерес се разликува од интересот на лекарската и фармацевтска комора и затоа ние треба да одиме по нашиот пат.Матичните лекари, најчесто препишуваат рецепти и го препраќаат пациентот, на пример во Скопје. На ова се надоврза д-р Денковски кој рече дека токму тука се кршат копјата со ФЗОМ и Министерството за здравство оти тие сакаат да нема соообраќајни амбуланти,туку да плаќаат по завршена услуга,односно поставена дијагноза и терапија, па потоа да исплаќаат.

Др.Дафина ги поздрави сите напорите за промена на Законот за здравствена дејност меѓутоа смета дека ова во делот со избор на матичен лекар кај нас не функционира.Таа наведе дека една од причините е тоа што не се запишуваат и за разлика од матичните општи лекари процентот на запишани е многу помал.Друга работа,капитацијата е спротивна од Правилникот за исплата на откупени услуги затоа што член 5 од Правилникот стои дека капитацијататреба да ги покрие платите за доктор,сестра и

тековно одржување што го нема кај нас и значи ние со капитацијата не ги покриваме основните трошоци и мора да се смени во таа насока. Дали се има размислувано во оваа насока.Пациенти нема за да запишуваме.Самиот факт дека мрежата е проблем 1000 жители за еден тим,а најмалку 1500 се потребни за да се покрие трошок за една ординација.

На оваа забелешка, д-р Денковски одговори дека со доволно покачување на капитацијата и те како може да се покријат трошоците, исто така се прават напори да се измени Законот за задолжително здравствено осигурување каде ќе биде предвидено секој осигуреник да мора да има изберено матичен стоматолог, лекар или гинеколог(за жените).

Др.Дафина на ова истакна дека мрежата не смее да дозволува влез на тим во мрежа на број на жители,на којашто констатација се сложи и д-р Денковски,кој рече дека токму затоа се разговара за различни модели,бидејки не само специјалистичката, туку и мрежата за општи стоматолози е проблематична.

По ова Собранието го усвои извештајот на председателот на Коморатаза активностите на телата и органите на Комората со со 35 гласа "за", без воздржани и против .

---

Врз основа на член 21 и член 35 став 1 точка 5 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

Член 1

За усвојување на годишниот извештај и поднесен извештај на председателот на Комората пред Собранието на СКМ за својата работа и работата на органите и телата на Комората.

Член 2

Одлуката е донесена со мнозинство гласови, без воздржани и против.

Член 3

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Пред да се помине на следната точка од Дневниот ред Претседателот на Собранието нагласи дека во самиот извештај за активностите на комората од страна на претседателот на Комората веќе се одговорени прашањата кои по писмен пат беа доставени до службите во комората од страна на Др.Мишевски и Др.Китановски.

7. Во однос на осмата точка од дневниот ред, Разгледување и усвојување на финансовиот извештај за 2018 и разгледување и усвојување на финансов план за 2019 година, процедурално за збор се јави д-р Круме кој првин запраша кој е предлагач на истиот. Др.Манасиев му одговори дека откако извештајот и планот поминал низ Економската комисија, Надзорниот Одбор, па е разгледн на ИО, извештајот е донесен во собраниска процедура,што значи дека предлагач е ИО. На ова,д-р Круме рече бидејки го нема претседателот на ИО не може да поставува прашања. Следуваше реплика од

страна на д-р Манасиев во која рече дека во Собранието се присутни замениците на председателот на ИО и доколку сака прашањата може сепак да ги постави
По ова,за збор се јави д-р Дафина која рече дека на РО Прилеп е донесена одлука која сака да ја предаде, но првин сака да ја прочита. Бидејки се бараше да се објаснуваат поединечно одредени ставки во извештајот, д-р Денковски побара сите прашања што ги има РО Прилеп да се достават во пишана форма до Стручната служба и да се архивираат по што ќе добијат писмен одговор.
Др.Круме побара одговор од страна на раководителот на сектор за финансии во комората околу планирани средства за реновирање, приходи од членарина и солидарна помош и потенцираше дека има збаелешки во ставкита за членарина која треба да е еквивалентна во вредност со бодот за взаемна помош и рече дека доколку не се корегираат туку останат вакви како што се тој не може да го подржи финансискиот план и извештајот.
Др. Рендевски го побара на увид договорот за сертификатите од КИБС , бидејки досега на два пати го побарал а не го добил а фали и ставка за електронските сертификати.Раководителот на финансиската служба при комората истакна дека во договорот Комората е еден вид на гарант за количината која ќе се испорача,а дека нема никаков бенефит,т.е. колку пари легнале на сметката на комората,толку се префрлени на кибс.На ова се надоврза претседателот д-р Денковски кој рече дека договорот е со важност до 30.06.2019 па бидејки плакањето е со фактури,по тој датум ќе се направи пресек колку токени се платени и испорачани .
Пред финан.извештај и план да биде ставен на гласање, претседателот на Собранието Согласно член 38 од Деловникот за работа на Собранието истакна дека оправдано отсутните делегати може да дадат свое мислење по одредени точки од дневниот ред на седницата и да гласаат за,против и воздржано.За овој став,претседателот на Собранието е должен да ги информира делегатите во моментот кога се расправа за таа точка.Бидејки сега се гласа за оваа точка, Ве информирам дека делегатите :

1. Др.Ана Сотировска
2. Др.Арбен Асани
3. Др.Агрон Пашоли
4. Др.Фисник Касапи
5. Др.Спасенија Ѓоргиевска
6. Др.Александра Табаковска
7. Др.Марина Прентовска
8. Др.Вјоса Положани
9. Др.Драги Ристов
10. Др.Демир Амет
11. Др.Димитар Малешевски
12. Др.Линдихана Емини
13. Др.Весна Чемерска
14. Др.Кенан Ферати
15. Др.Џелал Ибраими
16. Др.Јован Гагалевски

дадоа подршка за финансискиот извештај и план.
На оваа констатација д-р Круме побара да ги види на увид сликани или писмено искажаните гласови.
Од присутните делегати во салата 18 гласаа “за”, 5 “против” и 3 “воздржани”.
Со 16 – те делегати кои дадоа подршка вкупно „за„ гласаа 34 делегати, 5 против и 3 воздржани. Бидејки финансискиот план и Финасискиот извештај се усвојува со 2/3 мнозинство, констатирам дека од 49 делегати е исполнет цензусот за 2/3 мнозинство ( најмалку 33 делегати) со што е усвоен финан.извештај за 2018 и финан.план за 2019 година.

Врз основа на член 21 точка 16 и 17 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

Член 1
За усвојување на финансиски извештај за 2018 година и финансиски план за 2019 година за работа на Стоматолошката комора на Македонија.

Член 2
Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

8. Во однос пак на деветата точка од дневен ред која се однесува на Измени и дополнувања на членови на органи и тела на СКМ, Собранието на СКМ ги донесе следните одлуки:
Врз основа на член 46 точка 1 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година со 34 гласа за и 1 воздржан ја донесе следната:

ОДЛУКА

Член 1
За дополнување на уште 2 (два) члена во Бранители на Судот на честа на Стоматолошката комора на Македонија, согласно Статут на СКМ.

Член 2
За бранители од член 1 од оваа Одлука се избрани:
- д-р Димитар Андов
- д-р Виктор Ивановски

Член 3
Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Врз основа на член 49 и 50 точка 2 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 08.04.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

Член 1

За назначување на нов претседател на Комисија за меѓународна соработка, д-р Дијана Јанкуловска, поради поднесена оставка на претходниот претседател д-р Коста Изов .

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

---

10. Разно

За збор се јави делегатот д-р Емилија Стефановска која постави прашања во врска со зголемувањето на бројот на делегати во Р.О.Аеродром
Др.Денковски одговори дека откако ќе се направи ажурирање на списоците по Р.О., ЦИК заедно со Статутарна комисија и поранешниот претседател на ЦИК треба да поработат на Правилникот за избори бидејќи има многу недоречености, а во одредени ситуации се водиме од пракса.Не сакајќи во иднина да се водиме од пракса туку од Правилник, кога ќе се дојде до одредена фаза ќе се побара и промена на Статут за бројната состојба по региони, но се додека ова не се заврши не би сакал да шпекулира околу тоа кои Р.О. и за колку делегати ќе се предложи да бидат зголемени или намалени.

Потоа збор побара д-р Ѓорги Ников кој ги прочита барањата на колегите од РО Штип-Радовиш и тоа за зголемување на капитацијата и тоа најмалку 70 денари, ревидирање на капитациониот бод по старосни групии зголемување на партипацијата за 100 посто. Исто така побарана е информација до каде се преговорите со ФЗОМ и дали доколку продолжи игнорантскиот однос од страна на ФЗОМ ќе се организира штрајк.
Др.Денковски рече дека чека одговор од средбата со ФЗОМ и одлука на ИО па потоа ќе може да каже каква одлука ќе донесе.
За збор се јави д-р Зоран Сушак кој рече дека со оглед на тоа дека на сметката на Комората има средства истите треба да се насочат од нас за нас за да на крајот на годината не се плаќа данок на истите.Па во интерес на погоре кажаното ги предложи:

- Купување на недвижен имот
- Консултација со брокерска куќа за нивно оплодување
- Или формирање на Фондација за талентирани студенти и колеги

Истиот предлог побара да биде ставен на гласање на наредната собраниска седница.
Др.Денковски одговори дека на никој од нас не му е од корист ако средствата колкави и да се не бидат рационално искористени.За таа целгозадолжувам претседателот на економската комисија да свика седница на која би се разгледувале моделите на можни намески трошења на пари,истото ќе се разгледува и на ИО на комората.
Др.Дафина Богеска рече "бидејки на претходната седница платформата беше отфрлена,сакам на оваа седница под точка разно да ги прочитам точките од истата,бидејки на Собрание збориме за се и сешто,а што е со тие што работат.Земаме по 12000 плата,барав податок.Правиме муабет за незнам што а за тоа што треба не правиме.Кои се решенијата на проблемите.Што е со платформата што е подржана од многу колеги." Откако претседателот на Собрание праша за која платформа станува збор, Др.Круме Чесноски од место дофрли "беше точка на Дневен ред".Претседателот на Собранието рече дека не може да ја стави бидејки не е испочитуван член 44 од

Деловникот за работа на истото ,а д-р Дафина рече “е па стави ја под разно”.На ова претседателот на Собранието рече да се достави “платформата”во писмена форма во архивата на СКМ, да биде архивирана деловоднички, па потоа за истата ќе се одлучува на ИО, по што подносителот или подносителите ќе добијат одговор ,а доколку не се задоволни од одговорот, тогаш да побараат да биде ставена како точка на Дневен ред на Собранието.По ова, претседателот на Собранието ја затвори седницата .

Седницата заврши во 19.00 часот и истата ја затвори претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев.

СОБРАНИЕ НА СКМ – Претседател
Д-р Оливер Манасиев

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ